**А.Д. РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА**
Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје - Македонија

**ПРЕДЛОГ**

**Т.1**

**СОБРАНИЕ НА АД**

Врз основа на чл. 417 став 1 и чл. 418 од Законот за трговските друштва како и чл. 59, 60 и 90 од Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, Собранието на Акционерското друштво на седницата одржана на ден 10.05.2024 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Статутот на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје

**Член 1**

Во Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје бр. 0201-71 од 20.05.2019 година се вршат следните измени и дополнувања:

**Членот 80 став 3 се менува и гласи:**

"На членовите на Одборот на директори ќе им се исплаќа како награда 5% од средствата остварени со наплатени дивиденди од друштвата со ограничена одговорност во кои холдингот Раде Кончар - Апаратна техника има свој влог, односно удел намалена за вредноста на нето приходите остварени по основ на продажба на недвижности во тие друштва за годината за која се дели дивиденда."

**Член 2**

Се овластува Одборот на директори на Акционерското друштво, да подготви пречистен текст на Статутот во кој ќе бидат внесени измените и дополнувањата на Статутот извршени со оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е:

Измената на членот 80 став 3 од Статутот на Акционерското друштво предвидена со членот 1 од оваа Одлука е предложена со цел да се исклучи можноста во наградата по основ на наплатени дивиденди на одборот на директори на акционерското друштво да се пресметаат и нето приходите остварени од продажба на недвижности, сопственост на друштвата во кои Раде Кончар - Апаратна техника има свој влог, односно удел.

На овој начин се намалува наградата на одборот на директори на сметка на интересите на акционерите, со цел поголемо учество на акционерите во остварената добивка на друштвото и поделба на поголема дивиденда.

Бул. III Македонска Бригада бб, 1000 Скопје, Република Македонија, тел.+389 (0)2 2462 412;
+ 389 (0)2 2463 560; факс.+389 (0)2 2464 622

Имајќи ја предвид предложената купопродажба на имот на едно од друштвата во кои Раде Кончар - Апаратна техника има свој удел односно влог (управната зграда во сопственост на Раде Кончар ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО Скопје построена на КП 1851/16 и запишана на ИЛ 58529 за КО Кисела Вода 2), а заради заштита на интересите на акционерите, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**